ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 25 – 16/6**

**Дата: 11.02.2011**

**ДО**
**ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Централниот регистар на Република Македонија ( во понатамошниот текст - Централен Регистар) за 2009 година.
Препораките дадени во Конечниот извештајот на овластениот државен ревизор за 2007 година во најголем дел се спроведени.
Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеноста со законите и прописите за 2007 година и изразено е мислење со резерва во однос на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи како и во однос на законското и наменското трошење на средствата.
За финансиските извештаи за 2009 година изразено е мислење со резерва во однос на вистинито и објективно прикажување на финансиската состојба во финансиските извештаи и мислење без резерва во однос на усогласеноста на активностите и финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики.
Ревизијата констатира дека е извршено купување на деловен простор од Македонска банка АД и покрај сознанието дека не може да се укникжи правото на сопственост над имотот во јавните книги, поради тоа што и претходните корисници, Македонска банка и Министерство за финансии, го немаат укнижено истото.
Купување на деловен простор без постоење на можност за регулирање на правото на сопственост и негово укнижување во јавните книги како и неможност од подмирување на обврската за плаќање данок на промет на недвижности не се во согласност со законската регулатива и овозможуваат нереално и необјективно прикажување на финансиските извештаи.
За сите долгорочни кредитни партии на ревизијата не и беа презентирани договори. Заради усогласување и потврдување на состојбите на кредитните

партии беа испратени конфирмации до наведените Министерства, но до денот на ревизијата не се добиени одговори, поради што ревизијата не обезбеди соодветни докази со кои ќе се потврди состојбата на долгорочните обврски.

Дадена е препорака со цел одговорното лице да ги обезбеди договорите за кредитните партии заради потврдување на состојбата на долгорочните обврски во сметководствената евиденција.

Од страна на одговорното лице на Централниот регистар на Република Македонија добиен е допис број 03-184/1 од 01.02.2011 година со кое е дадено образложение за констатираната состојба и за мерките кои ќе бидат преземени согласно препораките.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна од 7 до 10 заедно со ревизија на усогласеност на Централен регистар кои се состојат од Биланс на успех и Биланс на состојба за 2009 година и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеноста со законите и прописите за 2007 година и изразено е мислење со резерва во однос на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи како и во однос на законското и наменското трошење на средствата.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај, се одговорност на раководството на субјектот застапувано од:

- д-р Зоранчо Алексов, директор на Централен Регистар до 16.06.2009 година
- Ванчо Костадиноски, директор на Централен Регистар од 16.06.2009 година

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека

активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1., врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и расходите на Централен регистар се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот.

Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цел и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се

резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовка и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извешти. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1 погоре е планирана и извршена во периодот од 18/11/2010 до 24/12/2010 година од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година - спроведување на препораките

Ревизијата од точка 1.1. погоре опфати ревизија на спроведување на препораките дадени во Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор за 2007 година.

Во однос на наодот за нерешените имотно правни односи, ревизијата констатира дека препораката е спроведена и во текот на 2009 година завршени се голем дел од започнатите постапки за решавање на проблемот со имотот.

Во однос на наодите за јавните набавки и примената на законски акти, констатирано е дека во текот на 2009 година овие законски акти се почитувани во целост.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои се опфатени во овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на Централен Регистар – предмет на ревизија.

Од страна на одговорното лице на Централниот регистар на Република Македонија добиен е допис број 03-184/1 од 01.02.2011 година со кое е дадено образложение за констатираната состојба и за мерките кои ќе бидат преземени согласно препораките.

### 4.1. Финансиски извештаи

4.1.1. Склучен е Договор за купопродажба на недвижен имот од 23.03.2007 година помеѓу Македонска банка АД Скопје и Централен Регистар во вкупна вредност од 10,318 илјади денари. Предмет на договорот е регулирање на правата и обврските помеѓу договорните страни во врска со купопродажба

на дел од недвижен имот, сопственост на Македонска банка АД Скопје.

Со ревизија е констатирано дека склучениот договор е штетен, односно:

- извршено е купување на деловен простор и покрај сознанието дека не може да се укнижи правото на сопственост над имотот. Ова е поради тоа што ни Македонска банка го нема укнижено правото на сопственост во јавните книги со образложение дека и претходниот корисник - Министерство за финансии како еден од правните наследници на имотот на Заводот за платен промет, го нема укнижено правото на сопственост на истиот;
- и покрај тоа што во договорот е предвидено дека истиот треба да се завери на нотар и да се плати данок на промет на недвижности , истото не е направено поради неможноста од остварување на право на сопственост;

Купување на деловен простор односно ангажирање на парични средства без постоење на можност за регулирање на правото на сопственост и негово укнижување во јавните книги како и неможност од подмирување на обврската за плаќање данок на промет на недвижности не се во согласност со законската регулатива и овозможуваат нереално и необјективно прикажување на финансиските извештаи.

4.1.2. Со увид во актите и сметководствената документација, ревизијата констатира дека се исплатени надоместоци на членовите на Управниот одбор во вкупен износ од 503 илјади денари, согласно Одлука за утврдување на висината на надоместокот на претседателот и членовите на Управниот одбор на Централниот регистар на РМ. Поради недореченоста во одлуката во која не е дефинирано дека исплатата на овој вид надоместок се исплатува врз основа на одржаните седници, надоместокот е исплатен месечно на сите членови на Управниот одбор, независно од тоа дали се одржува седница и дали на истата се присутни сите членови. На овој начин извршени се исплати на парични средства без да се почитуваат начелата на економично и ефективно користење на средствата и без соодветен доказ за изработеното.

**Препорака**

Одговорното лице да ги преземе потребните активности за допрецизирање на одлуката и да се пропише исплата на овој надомест врз основа на присуство на одржана седница.

4.1.3. Според сметководствената евиденција за долгорочните обврски Централниот регистар има неизмирени обврски кон Министерството за економија, кон Министерството за финансии по основ на кредитните партии од Export finance од Осло, Норвешка и обврски од НРД кон Министерството за финансии во вкупен износ од 32.676 илјади денари.

За сите долгорочни кредитни партии на ревизијата не и беа презентирани договори. Заради усогласување и потврдување на состојбите на кредитните партии беа испратени конфирмации до наведените Министерства, но до денот на ревизијата не се добиени одговори.

На ревизијата и беа презентирани само амортизационите планови за кредитните партии од Export finance од Осло, Норвешка. Имајќи ги предвид состојбите на кредитните партии искажани во амортизационите планови во УС долари и применувајќи го средниот курс на Народна банка на Република Македонија на 31 декември 2009 година е констатирано големо отстапување на состојбата искажана во сметководствената евиденција и состојбата утврдена со примена курсот на доларот, при што е утврдено дека обврските се искажани во поголем износ за 12.876 илјади денари.

Исто така, во сметководствената евиденција е искажана состојба на неизмирени долгорочни обврски по основ на кредит НРД од Министерството за финансии за која не е добиен доказ за истите.

Врз основа на изнесеното, ревизијата не обезбеди соодветни докази со кои ќе се потврди состојбата на долгорочните обврски.

**Препорака**

Одговорното лице да ги обезбеди договорите за кредитните партии заради потврдување на состојбата на долгорочните обврски во сметководствената евиденција.

## 5. Ревизорско мислење

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точките 4.1.1, 4.1.2. и 4.1.3. финансиските извештаи ја претставуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Централниот Регистар на ден 31 декември 2009 година и резултатот од финансиските активности и паричните текови за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

Според наше мислење, активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики.

**Централен регистар на Република Македонија**

**БИЛАНС НА УСПЕХ ЗА 2009 ГОДИНА**

во 000 ден

| ОПИС | 2009 | 2008 |
|---|---|---|
| Приходи од продажба | 248,177 | 236,394 |
| Останати деловни приходи | 483 | 1,512 |
| **Вкупни приходи од оперативно работење** | **248,660** | **237,906** |
| Материјални трошоци | 42,124 | 34,373 |
| Трошоци за бруто плати | 173,215 | 121,280 |
| Амортизација и вредносно усогласување на долгорочни средства | 21,393 | 24,100 |
| Останати оперативни трошоци | 19,510 | 33,009 |
| **Вкупно трошоци од оперативно работење** | **256,242** | **212,762** |
| Приходи од камати, курсни разлики и слични приходи | 5,863 | 4,295 |
| Расходи по основ на камати, курсни разлики и слични расходи | 1,638 | 2,657 |
| ДОБИВКА/ЗАГУБА ОД РЕДОВНО РАБОТЕЊЕ | (3,357) | 26,782 |
| ДОБИВКА/ЗАГУБА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ | (3,357) | 26,782 |
| **Даноци и придонеси** | **189** | **2,920** |
| НЕТО ДОБИВКА/ЗАГУБА | (3,546) | 23,862 |

**Централен регистар на Република Македонија**

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

во 000 ден

| Опис на позицијата | 2009 | 2008 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства и хартии од вредност | 103,617 | 114,852 |
| Побарувања по основ на продажба | 0 | 11 |
| Краткорочни финансиски вложувања | 57,129 | 57,048 |
| Други краткорочни побарувања | 5,606 | 4,933 |
| Залихи | 1,174 | 725 |
| Аванси за нематеријални и материјални вложувања | 3,990 | 3,093 |
| **Вкупно тековни средства** | **171,516** | **180,662** |
| **Нетековни средства** | | |
| Нематеријални и материјални средства | 191,151 | 206,760 |
| **Вкупно нетековни средства** | **191,151** | **206,760** |
| **Вкупна актива** | **362,667** | **387,422** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Обврски спрема добавувачите | 4,429 | 3,734 |
| Останати краткорочни обврски | 95 | 11,120 |
| **Вкупно краткорочни и долгорочни обврски** | **4,524** | **14,854** |
| **Нетековни обврски** | | |
| Долгорочни обврски | 32,676 | 43,745 |
| **Капитал и резерви** | | |
| Капитал | 314,777 | 314,777 |
| Ревалоризациона резерва | 7,381 | 7,381 |
| Резерви | 1,000 | 0 |
| Добивка за финансиска година | 5,666 | 23,862 |
| Загуба за финансиска година | (3,357) | |
| Пренесена загуба | | (17,197) |
| **Вкупно капитал и резерви** | **325,467** | **328,823** |
| **Вкупна пасива** | **362,667** | **387,422** |

## П Р Е Г Л Е Д
## ПРОМЕНИТЕ НА КАПИТАЛОТ И РЕЗЕРВИТЕ ЗА 2009 ГОДИНА

| О П И С | Капитал | Резерви | Ревалоризациона резерва | Акумулирана добивка | Непокриена загуба | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2009 година** | **314,777** | - | **7,381** | **23,862** | **(17,197)** | **328,823** |
| Добивка за финансиска 2008 година | | | | 5,666 | | **5,666** |
| Распределба на акумулираната добивката | | | | (23,862) | 17,197 | **(6,665)** |
| Ревалоризациона резерва за годината | | 1,000 | | | | **1,000** |
| Загуба за финансиска година | | | | | (3,357) | **(3,357)** |
| **Состојба 31.12.2009 година** | **314,777** | **1,000** | **7,381** | **5,666** | **(3,357)** | **325,467** |

**Централен регистар на Република Македонија**
ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИОТ ТЕК ЗА 2009 ГОДИНА

| | во 000 Ден. |
|---|---|
| | 2009/2008 |
| ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ОПЕРАТИВНО РАБОТЕЊЕ | |
| НЕТО ДОБИВКА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ | (3,357) |
| Трошоци кои не повлекуваат користење на обртни средства | |
| Амортизација | 21,393 |
| Неотпишана вредност на отуѓени и отпишани средства | 27 |
| **Готовински текови од работење** | **18,063** |
| Побарувања по основ на продажба | 11 |
| Краткорочни финансиски вложувања | (81) |
| Други краткорочни побарувања | (673) |
| Залихи | (449) |
| Аванси за нематеријални и материјални вложувања | (897) |
| Обврски спрема добавувачи | 12,141 |
| **Нето готовински текови од оперативно работење** | **28,115** |
| ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ИНВЕСТИЦИОНО РАБОТЕЊЕ | |
| Нематеријални и материјални вложувања | (5,811) |
| **Нето готовински текови од инвестиционо работење** | **(5,811)** |
| ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ | |
| Обврски по долгорочни кредити | (11,069) |
| **Нето готовински текови од финансиско работење** | **(11,069)** |
| НЕТО ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПАРИЧНИТЕ СРЕДСТВА | 11,235 |
| ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА ПОЧЕТОКОТ НА ГОДИНАТА | 103,617 |
| ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА КРАЈОТ НА ГОДИНАТА | 114,852 |